„Местата кои Аллах најмногу ги сака, се џамиите, а најомразените места кај Аллах се пазарите.“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Местата кои Аллах најмногу ги сака, се џамиите, а најомразените места кај Аллах се пазарите.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, појаснил дека местата кои Аллах најмногу ги сака се џамиите – бидејќи тие се домови на ибадет и се изградени врз богобојазливост. А најомразените места кај Аллах се пазарите, затоа што најчесто се средишта на измама и лажење, камата, лажни заклетви, прекршување на ветувањата и занемарување на спомнувањето на Аллах.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/4933